| Недела 12 Час 2 **Датум :**<br><br>Бр на час. **24** | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 2: 9.2 Енергија**<br>Единица:**Час за повторување за трансфер на топлина, изолација и испарување** | | | **ОДДЕЛЕНИЕ: IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| | | | **Опис** | **Ц/Г/И** | | |
| 10 | Идентификува и објаснува процеси поврзани со трансфер на топлина,изолација и испарување. | Можам да идентификувам и објаснам процеси на трансфер на топлинска енергија преку кондукција, конвекција и радијација. Можам да набројам изолациони материјали. Можам да објаснам ладење преку испарување | На почетокот на часот ја прегледувам домашната работа (доколку има ) и ги објаснувам нејасните прашања и задачи. Потоа барам од учениците да ми одговорат на прашањата изучени претходните часови: Што е топлина? Која е единица за топлина? Што е топлоспроводивост (кондукција)? Објасни ја со пример кондукцијата? Дали сите тела еднакво спроведуваат топлина? Што е конвекција, а што радијација.Што е изолација,каде се користи и кои се изолациони материјали!Кога настанува испарување и кои ефекти ги има истото! | Ц | | Прашања, Одговор, Дискусија |
| 20 | Толкува резултати користејќи научно знаење и разбирање, извлекува заклучоци. | Можам да толкувам резултати користејќи научно знаење и разбирање, извлекувам заклучоци. | На учениците им поделувам наставно ливче со прашања на кои тие треба да одговорат. Секој одговара во своето наставно ливче ( околу 20 мин ). По истекот на времето секој ученик го заменува наставното ливче со другарчето до него. | И | **Наставни ливчиња** | Следење на учениците додека работат на наставното ливче |
| 10 | Јасно ги споделува со другите<br><br>Стекнатите знаења ги применува во нови ситуации | Можам тоа што го знам да го применам во нова ситуација | Секој од учениците има пенкало и врши проверка на одговорите на своето другарче ( одговорите ги соопштува наставникот ) и оценување според бодовната скала дадена на самото наставно ливче | И / Г | | Самооценување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | На крај наставникот ги забележува резултатите од оценувањето на учениците. | | | |
| **Организирање: Детали за диференцијација / групи / улога на возрасни (поврзани со активности)** | | | **Белешки / можности за проширување на знаењето / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| На почетокот на часот се бара кратко повторување/ осврт на материјалот обработен претходните часови. Потоа учениците работат на прашањата од наставните ливчиња. | | | За учениците кои завршиле им давам дополнителни прашања за трансфер на топлина,изолација и испарување | | | Топлина,<br>Кондукција,<br>конвекција,<br>Радијација<br>Изолатор<br>испарување |

# Наставно ливче – Трансфер на топлина, изолација и испарување

1. Што е топлина ?

2/

2. Што е кондукција?

2/

3. Супстанциите : дрво, стакло, железо, хартија, бакар, сребро, кожа, волна , пластика и воздух групирај ги според топлоспроводливоста (кондукцијата).

а) Добра кондукција : ______________________________________________________________________ 5/

б) Лоша кондукција : ______________________________________________________________________ 5/

4. Што е конвекција ?

2/

5. Кај кои агрегатни состојби преносот на топлина се врши по пат на конвекција?

а) тврда, течна и гасовита агрегатна состојба,

б) тврда и гасовита агрегатна состојба,

в) тврда и течна агрегатна состојба,

г) течна и гасовита агрегатна состојба. 1/

6. Внатрешната енергија (топлината) од Сонцето на Земјата се пренесува со:

а) кондукција, б) конвекција, в) радијација 1/

7. Дополни со загреваат или ладат на празното место :

а) Темните тела побрзо се ______________________ и ________________________ 2/

б) Светлите ( белите ) тела побрзо се ___________________ и ___________________ 2/

8. Наведи

а) добри термоизолациони материјали 6/

б) лоши термоизолациони материјали

9. Што прикажуваат термограмите?

2/

10.За што може да бидат корисни термограмите?

2/

11.Од кои фактори зависи испарувањето?

3/

**Бодовна листа**

| 31 – 35 | 26 - 30 | 20 - 25 | 11 – 19 | 0 -10 |
|---|---|---|---|---|
| ( 5 ) | ( 4 ) | ( 3 ) | ( 2 ) | ( 1 ) |